ВОДИЧ ЗА РАЗВОЈ НА ПОЛИТИКИ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

„ЈАКНЕЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЕФИКАСНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КОН ЕУ ИНТЕГРАТИВНИТЕ РЕФОРМИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА" **WE-CONTRIBUTE**

„ЈАКНЕЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЕФИКАСНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КОН ЕУ ИНТЕГРАТИВНИТЕ РЕФОРМИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА" **WE-CONTRIBUTE**

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Содржина

Вовед	5
1. Важноста и улогата на граѓанскиот сектор и граѓанските организации во развојот на современото општество	7
2. Политики и процес на креирање на политики	10
3. Партиципативно учество на граѓанските организации во развојот на политики	14
3.1 Правна рамка за партиципативно учество во развојот на политики	16
3.2. Нивоа на партиципативно учество за развој на политики	20
3.3. Алатки на граѓански организации за партиципативното учество во развој на политики	22
3.4. Принципи за транспаретно учество во развој на политики	29
3.5. Предизвици за граѓански организации во развој на политики	30
Заклучок	33

Вовед

Водичот за развој на политики за граѓански организации е дел од проектот „Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика“ (WE-Contribute), финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружението на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска.

Овој водич дава слика за улогата на граѓанските организации за развојот на современите општества, ги појаснува теоретските концепти на процесот на креирање на јавни политики и ги потенцира главните аспекти на партиципативното учество на креирање на политики, со осврт на чекорите и алатките, кои треба да ги применуваат граѓанските организации во развојот на јавните политики. Во водичот се наведени правните рамки за развој на политики, придобивките и ризиците од партиципативното учество, како и начелата кои треба да се почитуваат во процесот на развој на политики.

Овој водич е посебно корисен за младите организации, кои немаат искуство во развој на политики и сознанија за партиципативното учество. Во последните години евидентен е забрзаниот подем на голем број граѓански организации - како резултат на нови проблеми и предизвици, кои произлегуваат во општеството, но резултат и на глобализацијата, ИТ трендовите, предизвиците на животната средина, родовите проблеми и сл.

Прирачникот има за цел да ги запознае граѓанските организации со процесот на развој на политики, придобивките и алатките за развој на истите и да поттикне поголем број граѓански организации во нивните напори кон активно учество во развојот на политики од различни области.

Градење на одржливи градови и одржлива иднина бара отворен дијалог меѓу сите гранки на националната, регионалната и локалната власт. Потребно е ангажирање на сите засегнати страни – вклучувајќи го и приватниот сектор и граѓанското општество, а особено сиромашните и маргинализираните.

Бан Ки - Мун

1. Важноста и улогата на граѓанскиот сектор и граѓанските организации во развојот на современото општество

Граѓанскиот сектор има значајна улога во градењето на демократското општество и социо – економскиот развој на секоја земја. Граѓанскиот сектор опфаќа констелација на човечки и асоцијативни активности, кои работат во јавната сфера, надвор од пазарот и државата. Тоа е доброволно изразување на интересите и аспирациите на граѓаните, организирани и обединети од заеднички интереси, цели, вредности или традиции, и мобилизирани во колективна акција, како корисници или чинители на процесот на развој. Иако овој сектор се издвојува од државните и пазарните сили, на крајот влијае и е под влијание на двете. Како клучни во овој сектор се следните актери: невладините организации (граѓанските организации), општествените движења, групите за притисок, медиумите, синдикатите, верските заедници и сл.
Граѓанските организации (ГО) во различни земји терминолошки различно се именуваат, иако нивната суштина на постоење е иста. Кај нас според Законот за здруженија и фондации, ГО (здруженија на граѓани и фондации) припаѓаат на граѓанскиот сектор, во одредени земји се користи терминот трет сектор, или, пак, добротворен сектор, сектор на здружување, непрофитен сектор (Non - profit sector), сектор на социјална економија (economie sociale) и сл.

Силното граѓанско општество е суштинска компонента на секој демократски систем и претставува вреден ресурс кој придонесува за градење на отчетни и легитимни држави, силна општествена кохезија и отворени демократии. ГО-и имаат важна улога во поттикнувањето на граѓаните и на другите организации, да го следат работењето на државните институции и да ги користат достапните инструменти, и да создаваат инструменти и механизми со цел поголема отчетност и транспарентност на институциите. Од друга страна, секоја одговорна влада треба да се грижи за граѓанскиот сектор и неговиот развој, бидејќи само со партиципативно учество може да се обезбеди демократско општество и поддршка на патот кон Европската Унија (ЕУ). Особено се нагласува потребата за соработка на Владата со граѓанските организации што работат на социјалните реформи, родовата еднаквост, ранливите групи, малцинствата и сл. Активизмот на граѓанското општество е од суштинско значење за успех при пристапување во ЕУ. Овој тип на активизам потребно е да се базира на идејата за поттикнување на активно граѓанско учество од ГО преку искористување на расположливите механизми на национално и меѓународно ниво со цел да се зголеми нивото на добро владеење.

Силното граѓанско општество е суштинска компонента на секој демократски систем

Во здрава демократија, граѓанското општество обезбедува модерирање „проверки“ на моќта на власта и го преставува и застапува граѓанинот во јавниот живот. Како резултат на наследството од авторитарната власт, граѓанското општество денес има ограничена улога во процесот на донесување одлуки, ослабена консолидација на демократијата и на изгледите за пристап кон ЕУ.
Сеуште, постои голем простор и потреба за поголемо ангажирање на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки односно во креирањето на јавните политики.
Граѓанските организации имаат бројни улоги и задачи од аспект на развојната соработка и тоа:
- Промоција на човекови права, демократија и добро владеење
- Знаење за правата, спознавање на локалните демократски практики
- Мониторирање на државата и други актери од јавниот сектор
- Одбрана на правата на посебни групи
- Зголемување на „grassroots“ учеството
- Промоција на граѓанскиот дијалог
- Обезбедување на основни и социјални услуги
- Мобилизација на локални ресурси (вклучувајќи и волонтерски активности)
- Тестирање и развој на иновативни операциски модели

Егзистирањето и делувањето на ГО-и има значајна улога во зголемување на знаењето на луѓето за нивните човекови права и обврски, помага да се слушне гласот на ранливите категории на луѓе, акумулира социјален капитал, ја зголемува инклузијата и промовира политички и законски реформи.
За нормално функционирање на граѓанските организации и граѓанскиот сектор воопшто, неопходно е креирање на клима на слободни комуникации и слобода на говорот.
ГО-и најчесто се присутни во области, кои се недостапни за државните актери, поради конфликт, локација или други причини. Важноста на ГО-и особено е значајна во итни случаеви, тие, најчесто, први обезбедуваат помош, пред владите и меѓународните актери да стапат на сцена.

ГО-и, особено имаат клучна улога во хуманитарни цели. Нивната улога посебно е неоспорна во јакнењето на општествената одржливост и нивната подготвеност и превенција за конфликти и кризи. Оттука, и јакнењето на граѓанскиот сектор и граѓанските организации и давањето на простор за нивното учество во развојот на јавните политики треба да биде клучна цел во развојната политика на државата. Јакнење на граѓанските организации да биде клучна цел во развојната политика на државата.

Јакнење на граѓанските организации да биде клучна цел во развојната политика на државата

ГО-и со своите активности може да имаат влијание врз одлуките на Владата и тоа како обезбедувачи на информации, како лоби групи, како поставувачи на агенди и сл. Во современите општества делуваат како лоби групи, преку нивното ангажирање во донесување на одлуки, односно креирање на политики. Тие претставуваат значајни посредници во воспоставувањето на врската меѓу јавноста и политичките процеси и во последно време стануваат едни од најубедливите поставувачи на агенда за одредени прашања и проблеми.

2. Политики и процес на креирање на политики

> *“Не е функција на Владата да го чува граѓанинот од паѓање во грешка; тоа е функцијата на граѓанинот, да ја чува владата од паѓање во грешка.*
>
> *Роберт Х. Џексон*

Политиката најчесто се дефинира како активности и интеракции, кои се одвиваат преку дискусија и преговарање, меѓу засегнатите страни, во кои моќта, статусот и влијанието на вклучените луѓе игра најважна улога. Во Методологија за анализа на политиките и координација, политиката е дефинирана како „Процес за преземање или непреземање на активности од страна на Владата за да се реши одреден проблем или низа од меѓусебно поврзани проблеми, како и начин за утврдување насоки за остварување на утврдените цели.“

Дефиницијата за јавна политика на Вилијам Џенкинс најсоодветно упатува на партиципативното учество во донесувањето на политиката и истата гласи: „збир на меѓусебно поврзани одлуки, донесени од политички актер или група на актери, кои се однесуваат на изборот на целите и средствата за постигнување на тие цели, во рамките на одредена ситуација, каде актерите ќе имаат моќ да ги постигнат целите и спроведат одлуките.“
Влијанието врз политиката е насочено кон менување на однесувањето на одредени засегнати страни. Промена на однесувањето е предуслов за промена на политиките. Заедничките термини, кои се користат на влијанието врз политиката, се лобирање, застапување и активизам. Терминот за подигнување на свеста често се споменува во комбинација со влијанието врз политиката, застапување, лобирање и активизам, како и самостојно. За многумина тој опишува сет на активности или стратегија. Во некои случаи, подигањето на свеста е само по себе. Подигањето на свеста е предуслов за сите влијанија врз политиката.

Процесот на креирање на јавни политики претставува низа од активности насочени кон справување со конкретен проблем или прашање, и во истиот процес се среќаваат спротиставени интереси и гледишта.

Како заинтересирани страни во процесот на креирање на јавни политики може да се јават следните:

- Собрание, Влада и останати институции на централно ниво
- Општини
- Политички партии
- Меѓународни организации
- Граѓански организации
- Истражувачки центри
- Социјални партнери (работодавачи, синдикати итн.)
- Медиуми
- Останати засегнати страни и групи на интерес

Процесот на креирање на политика е генерички термин кој опфаќа различна фаза на формулација и имплементација на политиката. Тој процес не е ниту линеарен, ниту кружен и може да опфати повеќе години или декади за да резултира во политичка промена или одреден резултат, и може, актерите и стратегиите со текот на времето да се менуваат.
Начела на развој на политики: усогласеност, остварливост, анализа, транспарентност, планска реализација.

Некои актери се формално инволвирани и консултирани, но други покажуваат одредена моќ преку неформални канали. Ваквите процеси може да бидат комплексни и повеќеслојни, во одредени случаи обесхрабрени. Иницирањето на политиката најчесто доаѓа од централната или локалната власт, во одредени случаи може да дојде од надвор, и тоа од граѓански организации, синдикати, бизниси и сл.

Процесот на креирање на јавни политики најчесто ги содржи следните чекори: дефинирање на проблемот, дефинирање на алтернативи, избор на најдобрата алтернатива, дизајнирање на јавна политика, имплементацијата на политиката и мониторинг и евалуација.

Во првата фаза на дефинирање на проблемот се поставуваат истражувачките прашања и оваа фаза е клучна за привлекување на заинтересирани страни за учество во решавањето на проблемот.
Врз основа на истражувањата од првата фаза, следи дефинирање на повеќе алтернативи за решавање на проблемот, кои треба да бидат реални и остварливи.

Третата фаза е избор на најдобрата алтернатива што ќе биде суштината при развојот на нова политика или подобрување на постоечката.

Дизајнирањето на јавната политика следи по исполнувањето на претходните фази. Во оваа фаза на сцена стапуваат алатките за лобирање и застапување, со цел да се дојде до креирање на политиката.

После дизајнирањето следи фазата на имплементација и мониторинг на политиката, каде клучна е стратегијата која ќе се примени и преку мониторингот да се следи спроведувањето на политиката.

Со цел да се согледаат резултатите од спроведената политика се прави евалуација и се добиваат информации за ефективноста на самата политика.

При креирањето на јавни политики потребно е да се почитуваат одредени начела и тоа:

1. Усогласеност на политиките и актите со стратешките цели на Владата, со законодавствата на ЕУ;
2. Фискална остварливост;
3. Да се темели на претходно направена анализа;
4. Транспарентност во подготовката;
5. Планско спроведување.

Тргнувајќи од присуството на државата во доставување на стоките и услугите од јавен карактер, инструментите за креирање на јавни политики може да се класифицираат на волонтерски и задолжителни. Волонтерските се ослободени од учество на државата, за разлика од задолжителните кои не дозволуваат приватна дискреција. Меѓу нив може да се најдат мешани инструменти кои содржат компонетни од двата вида.

3. Партиципативно учество на граѓанските организации во развојот на политики

Партиципативното учество ја олеснува инклузијата на индивидуалците или организациите во развојот на политиките преку консултативни и партиципативни алатки со цел да се постигне одговорност, транспарентност и активно граѓанство.

Партиципативното креирање политики е општ пристап, а не конкретна “алатка” преку кое се олеснува вклученоста на поединци или групи во дизајнирањето на политиките.

Придобивки од отворени и партиципативни процеси се следните:
- создавање правични и фер политики и регулативи;
- олеснување на меѓусекторскиот дијалог;
- усвојување понапредни и пореални решенија;
- намалување на трошоци;
- зајакната транспарентност и отчетност;
- поефикасна имплементација како резултат на чувството на придонес;
- подобрен капацитет и вклучување на маргинализирани групи;
- подобрен владин капацитет;
- развивање на поголема доверба во институциите на јавната власт;
- зајакнување на демократијата и сл.

Вклучувањето на граѓанските организации во креирање и следење на јавните политики придонесува кон подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавните политики на тој начин што создава притисок врз државните институции да обезбедат транспарентност, инклузивност и отчетност на процесот пред граѓаните. Јакнењето на односите меѓу Владата и граѓанскиот сектор е клучно начело за добро владеење и преставува неопходна инвестиција во процесот на креирање на квалитетни политики.

3.1. Правна рамка за партиципативно учество во развојот на политики

Во последните години се забележува напредок во законската рамка, која обезбедува простор за граѓанско учество во практикувањето на јавната власт.

Поконкретно, во периодот 2010-2015, донесен е закон за здруженија и фондации, со кој се поставија основите за подобрување на средината за развој на граѓанско општество; се воведе Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР - https://ener.gov.mk/) – интернет платформа за следење и коментирање на процесите на донесување на прописи, во рамки на извршната власт, во најголем дел од министерствата се назначени одговорни лица за соработка со граѓанскиот сектор, донесени повеќе закони кои овозможуваат вклучување на граѓаните и здруженијата во процесите на подготовка на прописи, усвоена е методологија за Проценка на влијанието на регулатива (ПВР), која воспоставува основа за поквалитетни законски решенија, со учество на засегнати страни.

Деловодникот за работа на Владата дава можност за присуство на седниците и на други заинтересирани страни, меѓу кои организации, здруженија на граѓани и сл.

Донесена е и Предлог - Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 (претходно Стратегијата 2012-2017). Предлог - Стратегијата е подготвена врз основа на консултации со граѓанските организации и се утврдени следните три приоритетни области:

• Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор,
• Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси и во креирањето на политиките, со посебен фокус на процесот на интегрирање во ЕУ,
• Граѓанскиот сектор како чинител во социјално – економскиот развој.

Всушност, токму клучните цели на втората приоритетната област на Стратегијата се насочени кон поголемо учество на ГО во развојот на политики и повеќе партнерства, во процесот за европска интеграција.

Во контекст на рамката за партиципативно учество може да се спомене и Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики, донесен од Владата, чија цел е поголема тран-спарентност и отчетност, соработка на владините институции со граѓанскиот сектор, како и подобрување на квалитетот на процесите на креирање на политики.

Можностите за партиципативно учество на граѓанските организации, исто така се зголемуваат и со постоењето на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата. Одделението е надлежно да го следи и координира спроведувањето на Стратегијата за соработка на
Владата со граѓанскиот сектор, се грижи за унапредување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор, преку вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање политики и создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, врши стручно-административна поддршка на работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот и на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Во март 2018 година, се формираше првата национална Платформа за претпријатија и индустриска политика „Поглавје 20“. Платформата е составена од 47 членки, активни актери од граѓанскиот сектор, креатори на политики и релевантни институции што дејствуваат во областите на преговарачкото поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика и има за цел активно да се вклучи во реформскиот процес како важен чинител во јавно-приватниот дијалог.

3.2. Нивоа на партиципативно учество за развој на политики

Најчесто во праксата на многу земји се среќаваат следните седум нивоа на партиципативно учество:

1. Придонес: доброволно или други форми на влез во предодредени програми и проекти

2. Споделување информации: засегнатите страни се информирани за нивните права, одговорности и опции. Исто така нацрт – документот за политика или извештајот за напредокот на постојната политика може да бидат споделени преку традиционалните медиуми (радио, телевизија, весник) или електронски (веб сајт, е-маил и сл.) или други интерактивни алатки (информативни штандови на јавни места). Исто така, информациите може да бидат споделени преку здружување со граѓански организации, кои ќе ги канализираат информациите до сопствените членови.

3. Консултации: засегнатите страни имаат можност да комуницираат и да обезбедат повратни информации и може да дадат предлози. Сепак, анализата и одлуките обично ги прават аутсајдери, а засегнатите страни немаат сигурност дека нивниот влез ќе се користи. На ова ниво најчесто се користат следните алатки: тркалезна маса, јавни расправи, фокус групи, електронска конференција, анкети за јавното мислење, панел дискусии и сл.

4. Соработка и градење консензус: засегнатите страни преговараат за позициите и помагаат да се одредат приоритети, но процесот е во режија на аутсајдери.

5. Донесување одлуки: засегнатите страни имаат улога во донесувањето одлуки за политиката, проектирање и имплементација на проекти.

6. Партнерство: засегнатите страни работат заедно, како еднакви, кон заеднички цели.

7. Јакнење: трансфер на контрола врз донесувањето на одлуки и ресурси за заинтересирани страни.

> *Мирот и просперитетот не можат да се остварат без партнерство, кое ќе ги вклучува владите, меѓународните организации, деловниот сектор и граѓанското општество*
>
> *Роберт Х. Џексон*

3.3. Алатки на граѓански организации за партиципативното учество во развој на политики

Секоја организација, пред да се вклучи во процесот на развој на политика или во покренување на одредено прашање на дневен ред, треба да следи одредени чекори односно да даде одговор на некои прашања. Неопходно е организацијата да ја препознае сопствената улога и битка која што треба да ја води, добро да ја заврши својата домашна задача, односно добро да го разработи прашањето што е на дневен ред на политиката, да направи преглед на вештините кои треба да ги поседува – лобирање, комуницирање и друго.

Како клучни прашања кои треба да се одговорат, пред донесување на одлуката за директно вклучување на организацијата во процесот на партиципативно развивање на политика, се следните:
- Што е проблемот?
- Кој е вклучен во дефинирањето на прашањето и анализите?
- Какви истражувања се потребни?
- Како учествуваат корисниците?
- Кои се главни цели?
- Што е прифаќање на прашањето?
- Дали се познати процесите за донесување одлуки и временските линии?
- Дали треба сојузи за да се изгради поголема моќ?
- Дали има доволно влијание или е повеќе диференцирана и фазирана тактика?
- Кои активности се опфатени во планот, со цел да се постигнат очекуваните резултати?
- Кои методи треба се применат?
- Кои вештини се потребни?
- Каков напредок може да се види?

Како основни алатки, кои можат на самите граѓански организации да им помогнат со цел учество во процесот на креирање на политики, се: кампањи, партнерства, истражување на политика.

Кампањи: Оваа алатка на граѓанските организации може да вклучи различни активности, тргнувајќи од подигнување на свеста на пошироката јавност за прашање за кое се развива политика, мобилизирана акција преку бојкот на потрошувачи/вработени и сл., или граѓански петиции. Најчесто вакви активности се организираат за еколошки, здравствени прашања, како и прашања поврзани со правата.

Партнерства: партнерствата меѓу организациите, или со владини тела, или претпријатија од приватниот сектор, се формираат со цел да влијаат врз креирање политики на различни нивоа. На пример, голем број невладини конзорциуми и мрежи активно се залагаат за реформа на меѓународната политика, додека други невладини организации тесно соработуваат со владата за да ги разгледаат, или дури и да помогнат во нацртот на национална политика и законодавство. Вториот пристап понекогаш е критикуван како компромитирање на независноста на засегнатите невладини организации, иако ако се постапува внимателно, тоа може да биде моќно средство за вршење влијание.

Истражување на политика: Истражувањата на политиките се користат од страна на невладините организации и други групи на заинтересирани страни за промовирање и информирање на партиципативното креирање политики. За да има вистинско влијание врз дизајнот на политиката или реформите, истражувањето треба да ги вклучи клучните креатори на политики од самиот почеток и треба да се интегрира во формален процес на ревизија на политиките.

Според Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на кре-ирање на политики, донесен од Владата, соработката може да се одвива во следните облици: информирање, консултации, дијалог и партнерство, Конкретни механизми за граѓанско учество во владина процедура се следните:

• Учество на седниците на Владата;
• Учество на работни групи и работни тела;
• Доставување на иницијативи до Владата;
• Доставување на предлози за програмата за работа на Владата;
• Јавни трибини, организирани од министерствата;
• Консултации преку ЕНЕР;
• Јавен увид на предлозите за прописи и др.

Застапувањето е често применлива алатка за влијание врз процесот на донесување одлуки со цел негово забрзување или модификување на конечната одлука.
Лобирањето е една од клучните форми на застапување, тоа е составен дел во дејствувањето и остварувањето на интересите на граѓанските организации во едно развиено демократско општество. Лобирањето на граѓанските организации е легална и легитимна активност, така што и законодавецот на Република Македонија, дава простор за одвивање на оваа активност, имено, во Законот за лобирање, е наведено дека „активностите на здруженијата на граѓани кога се однесуваат на застапување на интересите на своите членови или на определена целна група ако ги вршат без надоместок, нема да се сметаат за лобирање“. Лобирањето може да се дефинира како комуникација меѓу луѓето, до техника на јавно заговарење, односно уметност на убедување, со редица потези и акции, чија крајна цел е да се изврши влијание врз донесувањето на одредени одлуки. Други дефинирања наведуваат дека лобирањето не значи само влијание, туку и анализа за да се разбере проблемот, со што ќе им се озвозможи на оние кои одлучуваат истиот и да го разберат.

Или, пак, Енциклопедија Британика, го дефинира лобирањето како секој обид на одредена група или поединец да влијае врз одлуките на Владата. Процесот на лобирање вклучува четири фази и тоа: подготовка, преставување, докажување и притисок.

Лобирањето може да биде директно или индиректно. Директното лобирање ги опфаќа следните методи: директни средби, телефонско комуницирање, лично пишување писмо, лични серски писма, електронска анкета, петиција и др. Додека, пак, индиректното лобирање ги вклучува следните форми: медиумска кампања, политичка кампања, делување преку граѓанскиот сектор, масовни демонстрации и др.

Во литературата и практиката евидентни се и алатки кои што можат да го поттикнат партиципативното учество на граѓанските организации преку организирани обуки, тренинзи и други применети алатки за граѓаните и нивните членови. Преку овие алатки граѓанските организации може да идентификуваат одредени проблеми, кои треба да се постават како политичка агенда, но и да се преиспитаат дали поседуваат потенцијал за сопствено вклучување во развојот на политики. Дел од алатките и техниките, кои можат да го потпомогнат овој процес, се:

• Вежба: чувство на моќ и немоќ – целта на оваа алатка е да се истражат личните искуства со моќ и немоќ и да се идентификуваат алтернативни извори на политичка моќ.

• Вежба: Скенирање на животната средина, со цел идентификување на конкретни проблеми и предизвици

• Теорија на промена – студија на случај. Теоријата на промена е модел кој е корисен за да се анализира размислувањето, за тоа како се случува промената.
Таа ги воспоставува односите меѓу различните аспекти на промените и создава “пат на промена “, карта на каузални односи.

• Листи за проверка на консултација за родови корисници. Листа за проверка на родовите корисници вклучува: состаноци, спроведување на обуки и други настани. Истата е развиена од персоналот на канцеларијата на УНЕСКО во Бангкок (ПРОАП)

• Други алатки за родова анализа. Многу партиципативни алатки може да се прилагодат за родова анализа, особено на општествено ниво. Дел од нив се следните: дневен распоред на активности по род; анализа на родов пристап на ресурси; мапирање на мобилноста; матрица на одлучување; вен дијаграм и сл.

• Вежба за мапирање на процесот на политика

• Вежба - Управување со динамиката на мрежата

• Акционен план за влијание врз политиката и други.

3.4. Принципи за транспарентно учество во развој на политики

За да се обезбеди праведно и транспарентно учество во креирањето на политики неопходно е почитување на следните принципи:

а. взаемно почитување меѓу сите актери, како основа за чесна интеракција и взаемна доверба;

б. почитување на независноста на невладините организации, дали нивните мислења се конзистентни со оние на властите или не;
Принципи на транспаретност: почитување, независност, отвореност, отчетност, одговорност, недискриминација и инклузија, родова еднаквост, пристапност.

в. почитување на положбата на јавните власти;

г. отвореност и отчетност;

д. одговорност, со сите актери, кои обезбедуваат соодветни повратни информации;

ѓ. недискриминација и инклузивност, така што сите гласови, вклучувајќи ги и оние од помалку привилегираните и најранливите, можат да се слушнат и да се земат предвид;

е. родова еднаквост и еднакво учество на сите групи, вклучувајќи ги и оние со посебни интереси и потреби, како што се млади луѓе, стари лица, лица со посебни потреби или малцинства, жени и сл.;

ж. пристапност преку употреба на јасен јазик и соодветни средства за учество, офлајн или онлајн и на било кој уред.

3.5. Предизвици за граѓански организации во развој на политики

Учеството на граѓанските организации во развојот на јавните политики носи одредени предизвици и ризици, кои треба да ги имаат во предвид доколку сакаат да земат партиципативно учество во тој процес и тоа:

• Времето и ресурсите кои се неопходни да се употребат во процесот на развој на политики од страна на организиацијата,

• Зголемени очекувања дека, нивните очекувања ќе бидам земени во предвид, што секогаш не се случува,

• Настанување на конфликти во процесот на партиципативно учество во развојот на политики, како резултат за многубројни стејкхолдери вклучени во истиот и различните ставови и погледи за одредената тема. Најчесто може да се случи создавање на групации во граѓанското општество како резултат на тоа што различни групи имаат различни ставови во поглед на прашањето за кое се развива политиката,

• Губење на независноста, како резултат на поблиското инволвирање во владиниот процес на развивање на политиката, што понатаму може да го доведе во прашање кредибилитетот на организацијата,

• Политички ризици, како резултат на поголемото инволвирање во застапувањето во одредено политичко прашање, оттука, организацијата може да биде посматрана од Владата како актер кој се меша и претставува закана за непречено вршење на владините работи.

Заклучок

Бројот на граѓански организации, кои имаат позитивно влијание и учество во процесот на креирање на политики, се зголемува, но останува уште простор и потреба за учество на организации од различни профили и области, со цел подиверзифицирано опфаќање на сегменти од општеството и носење на кавалитетни политики за развој.

Збогатена е правната рамка која овозможува партиципативно учество во развојот на политики, така што секоја граѓанска организација има можност за одреден облик на вклучување. За да се донесе одлука за учество во развојот на политиката, треба организациите добро да се запознати со законските прописи, процесот на креирање на политика, алатките, принципите и начелата, кои треба да се почитуваат.

Неопходно е подготовка на план за преземање на акции, одговор на одредени прашања и согледување на ризиците, предизвиците, но и придобивките од партиципативното учество како индивидуално, така и општо. Партиципативниот процес на развој на по-литики е корисен за граѓаните, организациите и општеството во целост, и креира праведна и транспарентна политика. Оттука, ваквиот развој на политики треба да биде поддржан и овозможен од владата, но и од самиот граѓански сектор.

Процесот на партиципативно учество овозможува зголемување на бројот на идеите, ресурсите, информациите, истражувањата, квалитетни одлуки, како и јакнење на демо-кратските процеси, партнерства, зголемена доверба и сл. За да се постигне успешен и легитимен процес на развој на политики неопходни се координирани и партиципативни активности меѓу различни актери - граѓански организации, владини институции, бизнис сектор, истражувачки центри, медиуми и сл.

Користена литература

1. African Development Banks, Policy and Guidelines – Cooperation with Civil Society Organization, 1999. Достапно на https://www.afdb.org/fileadmin/uploads/afdb/Documents/Policy-Documents/10000024-EN-COOPERATION-WITH-CIVIL-SOCIETY-ORGANIZATIONS-POLICY-AND-GUIDELINES.PDF
2. Близанаковски Ј.: Од нацрт до закон: Креирање политики и граѓанско учество, Институт за демократија „Социетас Цивилис“, Скопје
3. Влада на РМ, Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики , Службен весник на РМ; бр.99 од 22.7.2011. Повеќе на https://www.ogledalonavladata.mk/images/docs/propisi/10-kodeks-na-dobri-praktiki-za-ucestvo-na-gragjanskiot-sektor-vo-procesot-na-kreiranje-politiki.pdf
4. Генерален секретаријат на Владата, Прирачник за креирање на политики, Скопје, 2007. Достапно на https://www.finance.gov.mk/files/u10/Priracnik_za_kreirawe_politiki.pdf
5. Ger Roebeling, Jan de Vries : Advocacy and Policy Influencing for Social ChangeTechnical Asssistance for Civil Society Organisations – TACSO 2011. Достапно на https://www.ircwash.org/sites/default/files/advocacy_and_policy_influencing_fro_social_change.pdf .
6. European Commission, Promoting civil society participation in policy and budget processes: Tools and Methods Series, Reference document No 18, Directorate – General for International Cooperation and Development, Brussels, Luxembourg, 2014
7. Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (IDSCS): Во лавиринтите на циклусот на креирање на политики – Можности за влијание на граѓанските организации, ИДСЦС Краток документ за јавни политики, 1/2016
8. Министерство за информатичко општество и информатика, Прирачник за засегнатите страни: консултации во процесот на креирање на политики во Владата, Скопје, 2014
9. Ministry for Foreign Affairs of Finland: Guidelines for Civil Society in Development Policy, 2010
10. Нурединоска Е.: „Функционални системи за вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на креирање политики и донесување одлуки “, МЦМС, Скопје
11. Ресавска Т. и др ., Добро владеење: искуства и предизвици, Метаморфозис, 2015, Скопје
12. Rietbergen – McCracken J.: Participatory Policy Making, Civicus. Достапно на https://www.civicus.org/documents/toolkits/PGX_F_ParticipatoryPolicy%20Making.pdf
13. Ристеска М.: Јавна политика, анализа на јавни политики и јавна вредност, Фондација Конрад Аденауер и ФОН Универзитет, Скопје, 2017 . Достапно на https://www.kas.de/c/document_library/get_file?uuid=be2c67fe-175b-4f99-ddcb-3fc9447b2cca&groupId=252038
14. Ристеска М., Блажеска А.: Обука-Придонес во развојот и следењето на спроведувањето на јавна политика, дел од We-Contribute проектот, Октомври, 2018, Скопје
15. Ристеска М. и Блажеска А.: Прирачник за креирање на политики во Поглавје 20, Фондација за менаџменти индустриско истражување, Скопје, 2018
16. Танушевски М.: „Лобирање во локалната самоуправа: теоретски и емипириски концепт“, МЦМС, 2009
17. Council of Europe, Guidelines for civil participation in political decision making, 2017, Достапно на https://rm.coe.int/guidelines-for-civil-participation-in-political-decision-making-en/16807626cf
18. https://www.bartleby.com/essay/Critical-Analysis-The-Models-of-Public-Policy-FKQBTFZTC
19. https://nvosorabotka.gov.mk/
20. https://www.poglavje20eu.org/vest-statija/21/formirana-prvata-nacionalna-platforma-poglavje-20

Фондација за менаџмент и индустриско истражување
+389 (0) 2 3108 891
P.O. Box 776, 1001 Скопје
mir@mir.org.mk

Здружение на бизнис жени
+389 (0) 2 314 0703
Никола Парапунов 41, 1000 Скопје
contact@abw.mk

GTF Иницијатива за одржлив раст
+385 1 6137 783
Савска Цеста 41, 10 000 Загреб, Хрватска
00 385 1 613 7784
gtf@zg.t-com.hr

e-mail: info@wecontribute.mk
www.wecontribute.mk

Водичот за развој на политики за граѓански организации е дел од проектот „Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика“ (WE-Contribute), финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружението на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска. Содржините изразени во него се на одговорност на носителите на проектот. Документот на ниту еден начин не го одразува официјалниот став на ЕУ.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
Подготвила:
д-р Моника Ангелоска-Дичовска
Ноември, 2018
Фотографии:
Robert Jankuloski, PEXELS, UNSPLASH

WE-CONTRIBUTE

„ЈАКНЕЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЕФИКАСНОСТА НА ГРАѢАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КОН ЕУ ИНТЕГРАТИВНИТЕ РЕФОРМИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА"

Проектот е имплементиран од: